| **Седмица 1**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Чита и пишува броеви до 10** | | | **Одделение: I** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од час0т)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br>10 мин. | Почнува да пишува цифри од 0 до 9. | Можам да пишувам цифри од 0 до 9.<br><br><br><br>Можам да користам цифри од 0 до 9.<br><br><br><br>Знам да користам цифри од 0 до 9. | Прегледување на домашната работа.<br>Броење до 10 предмети во училницата, наоѓање и покажување на броевите од математичкиот семафор. Пишување на броевите на табла со креди во боја и читање на истите.<br>Учениците ги делам на 4 групи:<br>Група 1 ги пишуваат броевите со прст од 0 до 9 во песок (пред уцениците има сад со песок врз кој може да се пишуваат броевите).<br>Група 2 пишуваат броеви од 0 до 9 преку цртање на броевите.<br>Група 3 пишуваат броеви со прст врз брашно.<br>Група 4 цртаат броеви на компјутер.<br>Групите ротираат сѐ додека секоја група не ја заврши активноста од секоја група.<br>Учениците читаат и ги погодуваат покажаните броеви од моја страна. | З/И<br><br><br><br>Г<br><br><br>И/З<br><br><br><br>З | Табла и креда<br><br>Разни ресурси за пишување, цртање и манипулација, на пр: боички, песок, восочни бои, моливи, брашно, компјутери, конец. | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Практична работа |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | Да ги направат и залепат броевите со конец од волница во тетратките. | | Број, цифри, нула, еден, два, три,... дваесет. | |

| Седмица 1<br>Датум: | | | Тема: Број и решавање проблеми<br>Наставна единица: Вежби - читање, пишување и споредување броеви до 10 | | | Одделение: I |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности | | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнување |
| | | | Опис | Организациони форми | | |
| 10 мин.<br><br>20 мин.<br><br>10 мин. | Почнува да пишува цифри од 0 до 20 и повеќе.<br><br>Чита и споредува броеви до 20 и повеќе.<br><br>Ги препознава едноставните односи меѓу броевите. | Можам да читам и пишувам броеви до 20.<br><br>Знам да споредувам броеви до 20 и повеќе.<br><br>Можам да споредувам броеви до 100. | Проверување на домашната работа.<br>Игра Е за 2, 3, 5 и 10 поголем од... Е за 2, 3, 5 или 10 помал од... играме со помош на табела 100.<br>ЛЦД активност, им ја претставувам функционалната машина и преку неа решаваме задачи: читаме, зголемуваме, намалуваме броеви и ги споредуваме. Им покажувам како работи, а потоа организирам натпревар во две групи, во кој наизменично групата ќе ѝ задава задачи на функционалната машина, а другата ќе ги решава и ќе ги споредува со резултатот на функционалната машина (групите имаат на располагање табела 100, сметалки и капачиња за манипулација и решавање на едноставните односи на броевите до 20 и повеќе).<br>Наставно ливче за пишување и споредување на броеви до 20 и повеќе. | З/И<br><br>Г/И<br><br>З<br><br>И | Картички со броеви и празни картички.<br>Капачиња во различни бои.<br>Математички семафор<br>Табела 100<br>Тетратки<br>ЛЦД<br>Функционална машина: http://www.iboard.co.uk/iwb/FunctionMachine-603%20<br>Наставно ливче | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Споредување |
| Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите) | | | Забелешки / можности за проширување / домашна работа | | Клучна терминологија | |
| | | | На страната на групата на одделението објавен линкот на функционалната машина, самостојно да се вежба на неа. | | Број, цифри, нула, еден, два, три, ... десет, 0, 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, истиот број како и, колку што, уште еден, два повеќе..., еден помалку..., споредување, колку повеќе да се направи...? колку повеќе е...од...? | |

| Седмица 1<br>Датум: | | | Тема: Број и решавање проблеми<br>Наставна единица: Чита и почнува да пишува броеви од 11 до 20 | | | Одделение: I |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности – Опис** | **Активности – Организациони форми** | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| 10 мин.<br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br>10 мин. | Започнува да чита и да ги пишува броевите од 11 до 20.<br><br>Чита и пишува броеви од 11 до 20. | <br><br><br><br>Можам да читам и пишувам броеви од 11 до 20. | Ја проверувам домашната работа од претходниот час и повторуваме и споредуваме броеви.<br>Им делам броеви на картончиња од 1 до 10 во првата игра, потоа со втора група од 11 до 20.<br>Играме: 10 ученици со броевите во рака се редат редоследно и одговараат на прашањето Кој број е поголем за 1 од... 1, 2, 3... Кој број  е помал за 1 од...<br>Играта се повторува и со низата од 11 до 20.<br>Продлабочување на стекнатото знаење со помош на табела 100 за броевите од 1 до 100.<br>На таблата пишувам броеви и оставам место пред и зад нив. Учениците имаат задача да напишат број поголем/помал за 1 (претходникот/следбеникот) без помош, а потоа се врши самопроверка со табела 100. | <br>З<br><br>Г<br><br><br><br><br><br><br>И | Тетратка<br><br>Табела 100<br>Карти со бројки<br>Учебник | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | | | Број, цифри, за еден повеќе. | |

<table>
<tr><td colspan="3">Седмица 1<br>Датум:</td><td colspan="3">Тема: Број и решавање проблеми<br>Наставна единица: Вежби - читање, пишување и споредување броеви до 10</td><td>Одделение: I</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Распоред (делови од часот)</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси (средства и материјали)</td><td rowspan="2">Доказ за постигнување</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Организациони форми</td></tr>
<tr><td>10 мин.<br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br>10 мин.</td><td>Почнува да пишува цифри од 0 до 10.<br><br><br><br>Чита и почнува да ги пишува броевите од 0 до 10.<br><br>Ги препознава едноставните односи меѓу броевите</td><td>Можам да пишувам броеви од 0 до 10.<br><br><br><br>Знам да читам броеви од 0 до 10.<br><br><br><br>Можам да споредувам броеви до 10.</td><td>Учениците ги делам во три групи.<br>Првата група има за задача да подреди картички со броеви од 0 до 10 (при што недостасуваат картичките со број 3 и 7), а тие што недостасуваат да ги напише на празна картичка.<br>На масичката пред втората група има поставено купчиња од капачиња во различен број и боја од 0 до 10 и учениците треба да го пребројат секое купче капачиња и пред него да го постават соодветниот број.<br>Третата група ученици пред себе ја има табела 100 и треба да избројат од 0 до 10. Пред нив има поставено математички плочки. Учениците треба да избројат пр: колку има црвени и да го покажат точниот број на табела 100.<br>На работната маса имам поставено повеќе различни групи на предмети (коцки, топки, конуси, цилиндри). Од учениците барам да избројат пр: колку има топки, а колку има коцки, да ги покажат соодветните броеви и потоа да споредат што има повеќе.<br>Од учениците барам во тетратките по математика да ги напишат броевите од 0 до 10.</td><td>З/И<br><br><br><br><br>Г/И<br><br><br><br><br><br><br><br>З<br><br><br><br><br>И</td><td>Картички со броеви и празни картички<br><br>Капачиња во различни бои.<br>Математички семафор.<br>Табела 100.<br>Математички плочки.<br>Групи предмети (коцки, топки, конуси, цилиндри).<br><br><br>Тетратки</td><td>Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Споредување</td></tr>
<tr><td colspan="3">Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)</td><td colspan="2">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</td><td colspan="2">Клучна терминологија</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td><td colspan="2">Довршување на започната работа во тетратките по математика.</td><td colspan="2">Број, цифри, нула, еден, два, три,... десет, 0, 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, истиот број како и, колку што, два повеќе...</td></tr>
</table>

| **Седмица 1**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Вежби со читање и пишување на броеви до 20 – разложување на Д и Е** | | | **Одделение: I** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br>10 мин. | Чита и почнува да ги пишува цифрите од 0 до 10.<br><br><br><br>Почнува да ги пишува и чита броевите од 0 до 20.<br><br><br><br>Ги препознава едноставните односи меѓу броевите, пр: овој број е за 10 поголем од бројот... | Можам да пишувам броеви од 0 до 10<br><br><br><br><br>Знам да читам и пишувам броеви од 0 до 20.<br><br><br><br>Можам да споредувам броеви од 0 до 20. | Активноста ја започнувам со броење на прсти и покажување броеви од математичкиот семафор. Потоа пишувам броеви на таблата и читање на истите. Потоа учениците ги делам по групи:<br>Група 1 има задачи да ги одреди броевите на дадените картички со броеви да 20, каде недостасува 10 + 5, а учениците ги запишуваат на празните картички.<br>Група 2 работи со гравчиња. Ги пребројуваат гравчињата до 20, ги додаваат повеќе или помалку, пр: 17, уште колку до 20?<br>Група 3 работи со капачиња, при што брои и пишува во тетратките, пр: 15 црвени капачиња содржат 1 Д и 5 Е, 18 сини капачиња содржат 1 Д и 8 Е, 20 бели содржат 2 Д и 0 Е. Сето тоа се чита и запишува во тетратките.<br>На крајот од часот им се дава да изработат наставно ливче. | З<br><br><br><br>Г<br><br><br><br><br><br><br><br><br>И | Тетратка<br>Математички плочки,<br>табела 100,<br>капачиња,<br>учебник | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | | | Број ,цифри, истиот број како, колку што, еден повеќе, еден помалку, споредување | |

obrazovanie.literatura.mk